С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

З А П И С Н И К

Од СЕДУМНАЕСЕТТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 30.09.2026 година

СКОПЈЕ, СЕПТЕМВРИ 2026 ГОДИНА

З А П И С Н И К

Од Седумнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 30.09.2026 година

Седницата започна во 11:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

На седницата присуствуваа сите членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

****

За збор се јави членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) која упати **забелешки** на начинот на кој е изготвен нацрт-записникот, односно во истиот не е допрецизиран делот зошто токму тие луѓе се предложени за членови во Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје (точка 2 од утврден дневен ред) и дека никој од општинската администрација не излезе да образложи.

По Нацрт - Записникот од **Шеснаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Шеснаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **21 глас "ЗА" и 4 гласа "ПРОТИВ"**.

ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седницата на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за локален економски развој, бр.09-6008/2 од 29.09.2026 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

35.Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Дом на култура 11 "Октомври" во населба Ченто.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"35"** го ставам на гласање.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "35"** беше усвоен со **25 гласа "ЗА".**

Претседателот на Советот констатираше дека точката "35" е составен дел на предложениот дневен ред.

За збор се јави членот на советот - **Горан Николовски** (Левица), кој ја образложи Иницијативата за донесување на Одлука за обезбедување општински градежни парцели по цена од 1 евро/м² за млади брачни парови, повеќедетни семејства и самохрани родители.

Претседателот на советот на Општина Гази Баба - **Виктор Трпевски** ја образложи постапката по поднесена Иницијатива согласно Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.

Во согласност со член 18 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, констатирам дека точката 35 ќе се разгледува како точка 34, а точката 34 - советнички прашања ќе биде точка 35.

За работата на седницата со **22 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"** беше усвоен следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - јуни 2026 година;
2. Предлог - Одлука за формирање на паралелки со помал број на ученици, комбинирани паралелки и организирање на продолжен престој во дел од општинските основни училишта, за учебната 2026/2027 година;
3. Предлог - Одлука за именување на претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
4. Предлог - Одлука за именување на претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
5. Предлог - Програма за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2026 година;
6. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година;
7. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година;
8. Предлог - Одлука за усвојување на барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 383/11 КО Стајковци;
9. Предлог - Одлука за усвојување на барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 306/6 КО Стајковци - Вон Град;
10. Предлог - Одлука за усвојување на барање за ослободување од плаќање на дел од надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 2178/4 КО Маџари;

11. Предлог - Одлука за отпочнување со изработка на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за периодот 2026 - 2035 година;
12. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на атмосферска канализација по улица "Гемиџиска" и улица "Филип Филиповиќ" во населба Железара, Општина Гази Баба;
13. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на секундарна фекална канализација за населено место Идризово, Општина Гази Баба;
14. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на фекална вакумска канализација во зона 1 и зона 4 во населено место Јурумлери, Општина Гази Баба;
15. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на ул."Палмиро Тољати", населба Методија Андонов - Ченто, Општина Гази Баба;
16. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на фаза на вакумска фекална мрежа со еден модул за ПСОВ во населено место Јурумлери;
17. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на училишна фискултурна сала без гледалиште во ООУ "Наум Охридски", во населено место Црешево - Општина Гази Баба;
18. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE;
19. Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Центар за млади во Општина Гази Баба (старото седиште на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје);
20. Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево;
21. Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на улица "2" со фаза водовод и фекална мрежа во населба Железара, Општина Гази Баба;
22. Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За рехабилитација на пристапен пат до гробишта Камник;
23. Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на дел од улица "Жан Жорес" во населба Маџари, Општина Гази Баба;
24. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година;
25. Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2026 година;
26. Предлог - Програма за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година;
27. Предлог - Програма за изменување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2026 година;
28. Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2026 година;

29. Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2026 година;
30. Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година;
31. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година;
32. Предлог - Одлука за доделување стипендии на надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба;
33. Предлог - Одлука за критериумите, начинот и постапката за доделување на јубилејни признанија "50 години Гази Баба";
34. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Дом на култура "11 Октомври" во населба Ченто; и
35. Советнички прашања.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - јуни 2026 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество в.д директорот на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, Војислав Димитровски и членовите на советот: Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ), Маја Никодиновска (Левица) и Виолета Здравевска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ).

Членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) побара во записник да биде внесено дека бара од в.д директорот на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, Војислав Димитровски до крајот на наредниот месец да достави предлози до Општина Гази Баба со кој може да му помогнеме на јавното претпријатие, со цел за истите да бидат предвидени средства во Буџетот за 2027 година.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештај за работата на ЈП "Лајка" - Скопје на територија на Општина Гази Баба, за период јануари - јуни 2026 година, со **23 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на паралелки со помал број на ученици, комбинирани паралелки и организирање на продолжен престој во дел од општинските основни училишта, за учебната 2026/2027 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот: Маја Никодиновска (Левица), Тања Ѓорѓиевска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) побара во записник да биде внесено дека е побарано од стручните служби одговорни од Општината и дека не е одговорено на поставените прашања.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на паралелки со помал број на ученици, комбинирани паралелки и организирање на продолжен престој во дел од општинските основни училишта, за учебната 2026/2027 година, со **21 глас "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество Претседателот на советот и членовите на советот: Маја Никодиновска (Левица), Биљана Муиќ (коалиција предводена од СДСМ), Владимир Бојанов (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **16 гласа "ЗА", 7 гласа "ПРОТИВ"** и **2 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за именување на претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за именување на претставник од министерство за социјална политика, демографија и млади во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **16 гласа "ЗА", 8 гласа "ПРОТИВ"** и **1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество в.д директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Дени Милевски и членовите на советот: Маја Никодиновска (Левица) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) побара во записник да биде внесено дека на минатата седница кога побарала одговори на одредени прашања од в.д директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Дени Милевски и било посочено да ги побара како информации од јавен карактер. Истовреено истакна дека на поставеното прашање по оваа точка повторно не е добиен одговор.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2026 година, со **17 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ"** и **4 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество в.д директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Дени Милевски и членовите на советот: Маја Никодиновска (Левица) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) побара во записник да биде внесено дека е побаран одговор на поставено прашање од в.д директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Дени Милевски по оваа точка и дека истиот не е добиен.

Членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) побара во записник да биде внесено дека в.д директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Дени Милевски не располага со точниот износ на исплатени плати месечно на вработените.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, со **19 гласа "ЗА"** и **3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, со **18 гласа "ЗА", 2 гласа "ПРОТИВ"** и **5 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

По паузата.

<u>ОСМА ТОЧКА</u>: Предлог - Одлука за усвојување на барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 383/11 КО Стајковци.

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за усвојување на барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 383/11 КО Стајковци, со **24 гласа "ЗА"**.

<u>ДЕВЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - Одлука за усвојување на барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 306/6 КО Стајковци - Вон Град.

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за усвојување на барање за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 306/6 КО Стајковци - Вон Град, со **24 гласа "ЗА"**.

<u>ДЕСЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - Одлука за усвојување на барање за ослободување од плаќање на дел од надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 2178/4 КО Маџари.

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за усвојување на барање за ослободување од плаќање на дел од надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на КП 2178/4 КО Маџари, со **23 гласа "ЗА"**.

<u>ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - Одлука за отпочнување со изработка на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за периодот 2026 - 2035 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој ја образложи Предлог - Одлуката за отпочнување со изработка на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за периодот 2026 - 2035 година.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за отпочнување со изработка на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за периодот 2026 - 2035 година, со **20 гласа "ЗА"** и **3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

<u>ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на атмосферска канализација по улица "Гемиџиска" и улица "Филип Филиповиќ" во населба Железара, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој го образложи Предлог - Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на атмосферска канализација по улица "Гемиџиска" и улица "Филип Филиповиќ" во населба Железара, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на атмосферска канализација по улица "Гемиџиска" и улица "Филип Филиповиќ" во населба Железара, Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

<u>ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на секундарна фекална канализација за населено место Идризово, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој го образложи Предлог - Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на секундарна фекална канализација за населено место Идризово, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на секундарна фекална канализација за населено место Идризово, Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

<u>ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на фекална вакумска канализација во зона 1 и зона 4 во населено место Јурумлери, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој го образложи Предлог - Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За

изградба на фекална вакумска канализација во зона 1 и зона 4 во населено место Јурумлери, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на фекална вакумска канализација во зона 1 и зона 4 во населено место Јурумлери, Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

<u>ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на ул."Палмиро Тољати", населба Методија Андонов - Ченто, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој го образложи Предлог - Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на ул."Палмиро Тољати", населба Методија Андонов - Ченто, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на ул."Палмиро Тољати", населба Методија Андонов - Ченто, Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

<u>ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на фаза на вакумска фекална мрежа со еден модул за ПСОВ во населено место Јурумлери.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој го образложи Предлог - Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на фаза на вакумска фекална мрежа со еден модул за ПСОВ во населено место Јурумлери.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на фаза на вакумска фекална мрежа со еден модул за ПСОВ во населено место Јурумлери, со **24 гласа "ЗА"**.

<u>СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на училишна фискултурна сала без гледалиште во ООУ "Наум Охридски", во населено место Црешево - Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој го образложи Предлог - Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на училишна фискултурна сала без гледалиште во ООУ "Наум Охридски", во населено место Црешево - Општина Гази Баба.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на училишна фискултурна сала без гледалиште во ООУ "Наум Охридски", во населено место Црешево - Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

<u>ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој го образложи Предлог - Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE, со **24 гласа "ЗА"**.

<u>ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Центар за млади во Општина Гази Баба (старото седиште на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје).

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој ја образложи Предлог - Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Центар за млади во Општина Гази Баба (старото седиште на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Центар за млади во Општина Гази Баба (старото седиште на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје), со **24 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој ја образложи Предлог - Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За доградба на ООУ "Крум Тошев", во населено место Трубарево, со **24 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на улица "2" со фаза водовод и фекална мрежа во населба Железара, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој ја образложи Предлог - Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на улица "2" со фаза водовод и фекална мрежа во населба Железара, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За изградба на улица "2" со фаза водовод и фекална мрежа во населба Железара, Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За рехабилитација на пристапен пат до гробишта Камник.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој ја образложи Предлог - Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За рехабилитација на пристапен пат до гробишта Камник.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За рехабилитација на пристапен пат до гробишта Камник, со **24 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на дел од улица "Жан Жорес" во населба Маџари, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој ја образложи Предлог - Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на дел од улица "Жан Жорес" во населба Маџари, Општина Гази Баба.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на дел од улица "Жан Жорес" во населба Маџари, Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Димче Петров, кој ја образложи Предлог - Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година, со **20 гласа "ЗА"и 4 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество претставникот од општинската администрација - Димче Петров, кој ја образложи Предлог - Програмата за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2026 година и членот на советот - Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2026 година, со **15 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ"** и **4 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество претставникот од општинската администрација - Александар Трајковски, кој ја образложи Предлог - Програмата за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година и членовите на советот: Маја Никодиновска (Левица) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година, со **24 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество претставникот од општинската администрација - Александар Трајковски, кој ја образложи Предлог - Програмата за изменување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2026 година и членот на советот - Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2026 година, со **24 гласа "ЗА"**.

ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот информираше дека по однос на оваа точка од советничката група на Левица е **поднесен 1 (еден) амандман** бр.09-6171/1 од 30.09.2026 година и ја започна амандманската расправа.

АМАНДМАНСКА РАСПРАВА

А М А Н Д М А Н
(**бр.09-6171/1 од 30.09.2026 година**)

Подносителот на амандманот, член на советот - Маја Никодиновска (Левица) го образложи поднесениот амандман.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот и истиот го стави на гласање.

Советот со **8 гласа "ЗА" и 15 гласа "ПРОТИВ" не го усвои** поднесениот амандман бр.09-6171/1 од 30.09.2026 година, и истиот не стана составен дел на Предлог-Програмата.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: Јасминка Георгиева (коалиција предводена од СДСМ), Маја Никодиновска (Левица) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2026 година, со **15 гласа "ЗА", 8 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

<u>ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА ТОЧКА</u>: Предлог - Програма за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот Маја Никодиновска (Левица) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Претседателот на Советот на барање на членот на советот - Маја Никодиновска (Левица), а врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, премина на **поименично гласање** со прозивка од службеник од општинската администрација.

Р.БРОЈ	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	ЗА	ПРОТИВ	ВОЗДРЖАН
1.	ВИКТОР ТРПЕВСКИ	√		
2.	ВИОЛЕТА ЗДРАВЕВСКА	√		
3.	ВЛАДИМИР БОЈАНОВ	√		
4.	ФИЛИП АНАСТАСОВ	√		

5.	КРСТЕНА ЈОВАНОВСКА	√		
6.	СИБЕЛА МАРКОВА	√		
7.	ДЕЈАН БОНЕВСКИ	√		
8.	ЖАРКО ЗДРАВКОВСКИ	√		
9	ОЛИВЕРА СТАНИШКОВСКА*			
10.	ТОШЕ СТОЛЕСКИ	√		
11.	ЗОРАН ЦВЕТКОВСКИ	√		
12.	ЕЛЕНА ТАСЕВСКА	√		
13.	ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ	√		
14.	МАРТИН ДЕСПОДОВСКИ	√		
15.	ТАЊА ЃОРЃИЕВСКА	√		
16.	ГОРДАНА ЈОВИЌ - СТОЈКОВСКА*			
17.	НОВИЦА ТОМЕВСКИ	√		
18.	АЛЕКСАНДАР ВЕЉАНОВСКИ		√	
19.	БИЉАНА МУИЌ		√	
20.	ИГОР МАНЧЕВСКИ*			
21.	ЈАСМИНКА ГЕОРГИЕВА		√	
22.	МАЈА НИКОДИНОВСКА		√	
23.	ГОРАН НИКОЛОВСКИ		√	
24.	ВЛАТКО РИСТОВСКИ		√	
25.	БИЛЈАНА АПОСТОЛОВА ГЕОРГИЕВСКА*			
26.	МАКФИРЕ ИСЕНИ*			
27.	ЕНИС ЗЕЌИРИ*			

*** Не биле присутни во тек на гласање**

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2026 година, со **15 гласа "ЗА" и 6 гласа "ПРОТИВ"**.

ТРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој ја образложи Предлог - Програмата за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година и членот на советот - Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година, со **16 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

ТРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Александра Мирчевски, која ја образложи Предлог - Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, со **17 гласа "ЗА", 3 гласа "ПРОТИВ" и 3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

ТРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување стипендии на надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество претставникот од општинската администрација - Александар Трајковски, кој ја образложи Предлог - Одлуката за доделување стипендии на надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба и членот на советот - Маја Никодиновска (Левица)

Членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) истакна дека како што по однос на оваа точка е добиено образложение дека се врши усогласување со законот, добро ќе беше во однос на претходната точка да добиеме образложение по кој закон ги тргаме парите за детектори за пожар дали е тоа законски, но за жал немаше никој од општинска администрација да одговори.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување стипендии на надарени и талентирани ученици и надарени и талентирани ученици со посебни образовни потреби од Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

<u>ТРИЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА</u>: Предлог - Одлука за критериумите, начинот и постапката за доделување на јубилејни признанија "50 години Гази Баба".

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Александар Трајковски, кој ја образложи Предлог - Одлуката за критериумите, начинот и постапката за доделување на јубилејни признанија "50 години Гази Баба".

Процедурална забелешка упати членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) отворен цитат - "За записникот станав неколку пати и реков дека сакам моето издвоено мислење во целост како сум го кажала на говорница така да се наведе во записник" - затворен цитат.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за критериумите, начинот и постапката за доделување на јубилејни признанија "50 години Гази Баба", со **23 гласа "ЗА"**.

<u>ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА</u>: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Дом на култура "11 Октомври" во населба Ченто.

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од општинската администрација - Сашо Трајков, кој го образложи Предлог - Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Дом на култура "11 Октомври" во населба Ченто.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба за период 2026 - 2027 година - За реконструкција на Дом на култура "11 Октомври" во населба Ченто**,** со **23 гласа "ЗА"**.

По паузата.

<u>ТРИЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА</u>: Советнички прашања.

Макфире Исени (НАИ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. До каде е реализацијата на проектот за уредување на каналот во Сингелиќ, кои активности се реализирани досега, кои се причините за застојот и кога се очекува продолжување на градежните работи?;

2. Дали сметате дека постојниот објект на училиштето ООУ "22 Ноември", Општина Гази Баба - Скопје е доволен и соодветен за сите ученици?.

Коментар од стручната служба:

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување не беше побарано.

Биљана Муиќ (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба:

1. До каде е постапката за изградба на катна гаража во населено место Ченто и кога се очекува да започне реализацијата на проектот ?;

2. Дали постои можност за продолжување на автобуската линија бр.45 до Водњанска или воведување нова линија, односно линија 45А или 45Б, која би сообраќала до Карпош 4, Скопје Сити мол или до Градската општа болница 8 - ми Септември ?;

3. Дали е точна информацијата објавена во билтенот на МВР за физичка пресметка меѓу вработени во Општина Гази Баба и доколку е точна, кои се причините за настанот ?.

Коментар од стручната служба:

За прашањето под број 2 беше побаран **писмен одговор.**

Прашањата беа одговорени (од Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставникот од општинската администрација - Александар Јанакиески, раководител на сектор за урбанизам и градежно земјиште), дополнително објаснување не беше побарано.

Дејан Боневски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба:

1. Кога ќе започне последната фаза од изградбата на фекалната канализација во Јурумлери и со која динамика ќе се реализира ?.

Коментар од стручната служба:

Прашањето беше одговорено, дополнително објаснување не беше побарано.

Влатко Ристовски (Левица): Пред поставување на советнички прашања, упати забелешка и побара секој месец да има советнички прашања.

До Градоначалник на Општина Гази Баба:

1. Кои конкретни инспекциски мерки и казни се изречени против индустриските капацитети на територијата на општината, особено против оние што поседуваат Б-интегрирана дозвола во изминатите две години ?;

2. Колку од капиталните инвестиции се реализирани во урбаниот, а колку во руралниот дел на Општина Гази Баба ?;

3. Колку километри се асфалтирани на територијата на Општина Гази Баба? ;

Коментар од стручната служба:

За прашањето под број 2 ќе биде доставен **писмен одговор**.

За прашањето под број 3 беше побаран **писмен одговор**.

Прашањето под број 1 беше одговорено (од Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставникот од општинската администрација - Александра Димитриевска Аврамовска, помошник раководител на сектор за инспекциски работи - инспекторат), дополнително објаснување не беше побарано.

Јасминка Георгиева (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба:

1. Дали улица бр.19 во населено место Јурумлери е планирана за изградба и ако не е, кога би се направила ?;

2. Дали се планира да се исчистат сите канали во Општина Гази Баба пред почетокот на зимата ?;

3. Дали е исплатен надоместокот за првачињата ?;

Коментар од стручната служба:

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување не беше побарано.

Жарко Здравковски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба:

1. До каде е изградбата на градинката во населено место Инџиково и кога се очекува да биде отворена за прием на деца ?.

Коментар од стручната служба:

Прашањето беше одговорено, дополнително објаснување не беше побарано.

Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба и в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје:

1. Што ќе се преземе за жителите на населено место Булачани кои плаќаат високи сметки за вода а немаат редовно водоснабдување? Која е причината за овој проблем?;

2. Зошто на осми октомври 2025 година објавувате дека ќе го решите паркирањето во населба Автокоманда што е проблемот и зошто до сега не е решено ?;

3. Што планирате да преземете во врска со Нацрт-ДУП-от кај East Gate во врска со комуналиите ?.

Коментар од стручната служба:

Прашањата беа одговорени (од Градоначалникот на Општина Гази Баба, в.д директор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје и претставникот од општинската администрација - Александар Јанакиески, раководител на сектор за урбанизам и градежно земјиште), дополнително објаснување беше побарано.

Виолета Здравевска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба:

1. Кога се очекува да започне со работа новата училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје и да ги прими учениците?

Коментар од стручната служба:

Прашањето беше одговорено, дополнително објаснување не беше побарано.

Маја Никодиновска (Левица):

До Градоначалник на Општина Гази Баба:

1. Зошто свесно и намерно дозволувате луѓето да се тројат ?;

2. Дали ќе излезете на лице место на депонијата на ул.„Јужно Моравски Бригади“ ?

3. Дали знаете дека парите што беа предвидени за прочистувачи на воздух ги кратиме ?.

Коментар од стручната служба:

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување беше побарано и не беше задоволна од добиените одговори.

Горан Николовски (Левица):

До Градоначалник на Општина Гази Баба:

1. Што се случи со Ф Групација нула отпад во населено место Јурумлери дали сеуште работи и што и е дејноста сега на работата и воедно дали се пуштени соодветни инспекции на лице место?;

2. Колку улици се обележани со вертикална и хоризонтална сигнализација и кои се местата на кој е обележано ?.

3. Дали е предвидено купување на нова дополнителна механизација за собирање на сметот во општината и колку би чинело тоа ?.

Прашањето број 1 беше одговорено од Градоначалникот на Општина Гази Баба, а за прашањата под број 2 и 3 беа побарани **писмени одговори**.

Елена Тасевска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба:

1. До каде е реализацијата на проектот училишна униформа за секое дете ?.

2. До каде е реализацијата на проектот климатизирани училници ?.

Коментар од стручната служба:

Прашањата беа одговорени, дополнително објаснување не беше побарано.

Новица Томевски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба:

1. Кога се планира да се пушти во употреба спортската сала во ООУ "Наум Охридски", во населено место Црешево - Општина Гази Баба ?.

Коментар од стручната служба:

Прашањето беше одговорено, дополнително објаснување не беше побарано.

Поради избегнување на можни ненамерни грешки и непотребна слободна интерпретација на одговорите на Градоначалникот од страна на стручната служба - изготвувач на записникот, **одговорите на Градоначалникот во автентична изворна форма се достапни преку аудио записот од седницата на советот, како составен дел на записникот**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Седумнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **17:20** часот.

Број 09-6904/2
од 02.11.2026 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Виктор Трпевски

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот